**МАКЕДОНСКА РАДИО ТЕЛЕВИЗИЈА**
**бр.02-1060/**

# З А П И С Н И К

**Од 138-ма седница на Програмскиот совет на Македонска Радио Телевизија одржана на 01.03.2021 година.**

| |
|---|
| **ПРИСУТНИ ЧЛЕНОВИ НА ПРОГРАМСКИОТ СОВЕТ:** проф.д-р Смилка Јанеска Саркањац Претседател на Програмскиот совет на МРТ, Ведат Мемедалија-Зам.претседател на Програмскиот совет на МРТ,Снежана Клинчарова,Ристе Панов,Гајур Рамадани,Илир Рамадани,Златко Јанковски,Косана Мазнева Николиќ,Селпин Керим,Јагнула Куновска, Ивана Трајковска и Анита Латифи. |
| |
| **ОТСУТНИ ЧЛЕНОВИ:** д-р Агим Лека. |
| |
| **ДРУГИ ПРИСУТНИ:** Марјан Цветковски-Директор на МРТ, Дарко Стефановски-Претседател на Надзорниот одбор на МРТ, Горан Атанасов-директор на заеднички функции и администрација во МРТ, Иле Тримчески-Одделение за човечки ресурси и Јана Руси Граматниковска-претседател на пописна комисија-МРТ. |

***Во согласност со препораките на Владата на РМ дадени поради настанатата состојба со Ковид кризата во државата,138-ма седница на Програмскиот совет на МРТ се одржа во онлјан формат односно преку платформата Скајп.***

Седницата започна во 13:00 часот.
Претседателката на Програмскиот Совет на МРТ Смилка Јанеска Саркањац го прочита доставениот дневен ред пред присутните.
Програмскиот совет на МРТ го разгледа предложениот Дневен ред.
Програмскиот совет на МРТ едногласно го усвои Дневниот ред.

## Д Н Е В Е Н  Р Е Д

1. Разгледување и усвојување на Записникот од 137-ма седница на Програмскиот совет на МРТ.

2. Разгледување и усвојување на на Извештајот за извршениот редовен Годишен попис на средствата и изворите на средствата во ЈРП МРТ, со состојба на 31.12.2020 година.

3. Разлгледување и усвојување на Правилник за измена и дополнување на правилникот за систематизација на работни места во ЈРП Македонска Радиотелевизија.

4. Разно.

**ТОЧКА1:Разгледување и усвојување на записникот од 137-ма седница на Програмскиот совет на МРТ.**
Претседателот на Програмскиот Совет на МРТ го стави на разгледување записникот од 137-ма седница на Програмскиот Совет на МРТ.
По расправата записникот од 137-ма седница на Програмскиот совет на МРТ беше ставен на гласање.
Програмскиот совет на МРТ по гласањето едногласно **го усвои** записникот од 137-ма седница на Програмскиот Совет на МРТ.

**ТОЧКА2:Разгледување и усвојување на на Извештајот за извршениот редовен Годишен попис на средствата и изворите на средствата во ЈРП МРТ, со состојба на 31.12.2020 година.**
Воведно излагање по оваа точка даде Јана Руси-Граматниковска претседател на пописна комисија која детално го објани Извештајот за извршен редовен годишен попис на средства и изворите на средства во ЈРП МРТ како начинот и подготовките како се одвивал целиот процес.
Претседателот на Надзониот одбор на МРТ Дарко Стефановски обајсни дека и тие на своја седница го разгледале Извештајот за извршениот редовен Годишен попис на средствата и изворите на средствата во ЈРП МРТ со следниве забелешки:

-Надзорниот одбор на МРТ по однос на средствата кои не се целосно амортизирани сметководствено и книговодствено укажува да се разгледа можноста истите да бидат расходовани во некој иден редовен попис кога ќе бидат целосно амортизирани.
**-**Надзорниот одбор на МРТ укажува по евентуалното носење на Одлуката за усвојување на попис и отпис на средства, сите отпишани материјали да бидат сместени во централен магацин и со нив да се постапува согласно Закон.

По расправата Претседателката на Програмскиот совет на МРТ Смилка Јанеска Саркањац ја стави на гласање Одлуката за усвојување на извештајот за извршениот редовен годишен попис на средствата и изворите на средствата во ЈРП МРТ со состојба на 31.12.2020 година.

■**Одлуката за усвојување на извештајот за извршениот редовен годишен попис на средствата и изворите на средствата во ЈРП МРТ со состојба на 31.12.2020 година** беше ставена на гласање

- ЗА гласаа: **12** членови,
- ПРОТИВ гласаа:**0** членови,
- ВОЗДРЖАН гласаа:**0** членови.

По спроведеното гласање се констатира дека Одлуката за усвојување на извештајот за извршениот редовен годишен попис на средствата и изворите на средствата во ЈРП МРТ со состојба на 31.12.2020 година **е едногласно усвоена** од страна на Програмскиот совет на МРТ.

**ТОЧКА 3:Разлгледување и усвојување на Правилник за измена и дополнување на правилникот за систематизација на работни места во ЈРП Македонска Радиотелевизија.**
Иле Тримчески од Одделениeто за човечки ресурси во МРТ обајсни даде воведно излагање по оваа точка и објасни дека врз основа на Известувањето од Министерството за политички систем и односи меѓу заедниците наш бр.03-878/1 од 16.02.2021 година и Законот за преземање на административни службеници вработени преку к-5 програмата на Министерството за политички систем и односи меѓу заедниците (“Службен весник на РС Македонија“ бр.302/2020) се врши измена во Правиликот за систематизција на работните места, во насока на усогласување во делот на видот на образованието со стекнатото

образование на административните службеници кои потпишале изјави дека се согласни да бидат распоредени на работни места на исто ниво во ЈРП Македонска радио телевизија, станува збор за следните работни места:
- кај работното место под реден број 23 Стручен соработник 3 во Одделение за превод со шифра ИНФ 01 02 В04 002 – во видот на образование се додава Образование, и
- кај работното место под реден број 572 Стручен соработник 3 во Одделние за човечки ресурси со шифра ИНФ 01 02 В04 002 – наместо Социјална работа и политика се менува и гласи Студии по Новинарство.

По расправата Претседателката на Програмскиот совет на МРТ Смилка Јанеска Саркањац го стави на гласање Правилникот за измена и дополнување на правилникот за систематизација на работни места во ЈРП МРТ.

■**Правилникот за измена и дополнување на правилникот за систематизација на работни места во ЈРП МРТ** беше ставен на гласање:

- ЗА гласаа: **12** членови,
- ПРОТИВ гласаа:**0** членови,
- ВОЗДРЖАН гласаа:**0** членови.

По спроведеното гласање се констатира дека Правилникот за измена и дополнување на правилникот за систематизација на работни места во ЈРП МРТ **е едногласно усвоен** од страна на Програмскиот совет на МРТ.

**ТОЧКА 4:Разно.**
На почетокот од расправата по оваа точка Претседателката на Програмскиот совет на МРТ Смилка Јанеска Саркањац запраша дали има пристигнато до службите Информации по заклучоците од предходната седница.
Горан Атанасов директор на заеднички функции и администрација во МРТ објасни дека по консултации со службите по едниот заклучок е постапено и има изготвено информацција, во која стои дека е формирана комисија за поведување дисциплинска постапка и дека истиот документ е во архивата на МРТ и во најбрзо време ќе биде доставен до членовите на советот, додека за вториот заклучок што се однесуваше на ТВ преносот на Светското ракометно првенство во Египет,информаијата е готова но мислам дека чека само потпис, и таа ќе биде доставена во најбрз можен рок до членовите на Програмскиот совет.
Членот Ристе Панов со прашање по однос на мандатот на Директорот на МРТ и неговиот заменик дали има некоја повратна инормација од институциите во државата односно дали има било каков официјален одговор од барањето за автентично толкување.
Претседателката на Програмскиот совет на МРТ Смилка Јанеска Саркањац одговори дека сеуште нема официјален документ од Собранието на РМ за ова прашање.
Ристе во продолжение посочи според правното толкување на професорката Ана Павловска-Данева кое толкување го потврдува и Владата, а и најверојатно ќе го подржи и Собранието на РСМ не насочува на тоа како што се вели и во Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги дека остануваат постојните директори и продолжува нивниот мандат,меѓутоа нивниот мандат е регулиран освен со самиот закон, и со менаџерски договор кој исто така треба на некој начин да се допрецизира и продолжи.
Заменик претседателот на советот Ведат Мемедалија истакна дека ако се земе во предвид мислењето на Владата РМ и мислењата на правните експерти кои ги добивме, мандатот на Директорот на МРТ и на Заменик директорот на МРТ по сила на закон трае, и ние како тело треба да го почитуваме тоа.

Исто така продолжи Ведат ние како Програмски совет немаме законска обврска да носиме некој акт со кој би им го продолжиле мандатот,туку според сите мислења што ги видовме целата работа е тука чиста, и Директорот и неговиот заменик можат да продолжат до избор на нови менаџери или пак до носење на нов закон.
Претседателката на Програмскиот совет на МРТ Смилка Јанеска Саркањац посочи дека како совет сме доенеле Заклучок на наша редовна седница,и ќе го почекаме официјалниот документ од Собранието и тоа ќе го испочитуваме во целост.

Седницата заврши во 14:00 часот.

Записничар
А.Алулоски

Програмски совет на МРТ

проф.д-р Смилка Јанеска Саркањац
претседател